РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
Бр. 0201-549/9
12.09. 20 22 год.
ШТИП

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/18 и бр.178/21), **Универзитетскиот сенат** на **199.** седница, одржана на **09.09.2022** година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за усвојување на Етички кодекс на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

**Член 1**

Се усвојува Етички кодекс на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Етичкиот кодекс од член 1.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Изработил:** Советник за општи и правни работи,
М-р Кристина Ѓорѓиевска

**Одобрил:** Генерален секретар,
М-р Ристо Костуранов

Претседател на Универзитетски сенат
проф. д-р Билјана Ѓорѓеска

Заради зачувување на достоинството на професијата и развивање и унапредување на моралните вредности на академската заедница, поттикнати од длабоките уверувања во вредноста, знаењето и свеста за одговорноста на универзитетските наставници, соработници и истражувачи, останатите вработени, како и студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетскиот сенат во согласност со член 94 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 82/18 и 178/21) на ден 09.09 2022 година донесе

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
# НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

## Преамбула

Член 1

Етичкиот кодекс на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип има за цел на членовите на академската заедница, како и на останатите вработени на Универзитетот да им ги приближи моралните начела, според кои ќе се водат во нивниот професионален живот и кои ќе им помогнат во секојдневното одлучување.

Етички кодекс се однесува на сите членови на академската заедница и вработени (наставнички, соработнички, истражувачки, административен, технички кадар и студентите) во професионалното и јавното делување.

Со прифаќањето на овој Кодекс, вработените се обврзуваат доследно да ги почитуваат пропишаните етички начела, кои секогаш обезбедуваат заштита на интересот на Универзитетот, личниот углед и достоинство, угледот и достоинството на студентите и сите останати со кои соработуваат.

Бидејќи ниту еден кодекс на однесување не може да го предвиди и опфати секое деловно сценарио или да ги одреди сите елементи на прифатливо однесување, доброто деловно расудување и здравиот разум се најдобар водич во случаи кога овој Кодекс на однесување не опфаќа одредено прашање или околност.

Етичкото однесување треба да произлегува од личната посветеност на етичките принципи и од желбата секогаш да се настапува со морален интегритет. Ваквиот однос ќе придонесе за поголема хуманост и правичност во работата и поставување на високо морална работна култура.

## Цел и општествена мисија

Член 2

Целта на Етичкиот кодекс на Универзитетот е зачувување на достоинството на професијата, зачувување на достоинството, угледот и интегритетот на личноста, како и зачувување на угледот и интегритетот на Универзитетот и неговите единици. Целта се остварува со почитување на основните етички начела од страна на лицата утврдени со овој Етички кодекс.

Член 3

Улогата и задачите на членовите на академската заедница се создавање, заштита и пренесување на знаењата за обезбедување на социјална и економска благосостојба и напредок на општеството, подготвување на студентите за занимања во кои е потребна примена на научни откритија и стручни знаења, културна и јазична разновидност, поттикнување на технолошкиот развој, развој на уметностите, техничката култура и спортот.

## Опфат и важност

Член 4

Овој Етички кодекс се применува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност (наставен кадар) и лица вработени во стручната и административната служба и помошно - техничките лица (ненаставен кадар) на Универзитетот.

Овој Етички кодекс важи и за други лица што не се вработени на Универзитетот, доколку учествуваат во работата и дејноста на Универзитетот, како и на институциите со кои Универзитетот има склучени договори за меѓусебна соработка.

Овој Етички кодекс важи и за студентите на Универзитетот, запишани на прв, втор и трет циклус на студии.

Член 5

Овој Етички кодекс важи во вршење високообразовна, научно - истражувачката и апликативната дејност, во текот на работното време, надвор од работното време, при јавни настапи и други активности, без оглед дали се настапува како студент или вработен на Универзитетот, или од друга институција, организација и сл.

## Наставнички и соработнички кадар

Член 6

Наставничкиот и соработничкиот кадар во својата работа, делување и однесување се должни да ги почитуваат етичките начела, принципите на научната вистина и критичност и да го штитат угледот на Универзитетот.

Наставничкиот и соработничкиот кадар се должни со својот авторитет да застапуваат позитивни академски вредности кои ќе ги пренесуваат на пошироката академска заедница.

Член 7

Наставничкиот и соработничкиот кадар треба да се однесуваат според начелата на академската слобода, етичката и интелектуалната одговорност, и да ги негуваат вредностите на различното мислење и личната иницијатива.

Наставата и слободата во истражувањето се примарни вредности во универзитетскиот живот.

Член 8

Професионалната слобода, научната љубопитност и истражувачкиот дух не треба да бидат оправдување за повреда на основните права на човекот и достоинството на колегите или другите граѓани. Вон наставните активности на наставничкиот и соработничкиот кадар не смеат да го загрозуваат квалитетот на наставната и научната работа.

Член 9

Професионалната слобода е иманентна должност на членовите на академската заедница за унапредување на сопствените знаења и компетенции, за развивање и поттикнување на критичката мисла, за воздигнување на академската слобода и слободата на духот.

Член 10

Наставната и истражувачка дејност на наставниците, соработниците и истражувачите на Универзитетот мора да биде морално и интелектуално независна од секаков политички авторитет и економска моќ.

Член 11

Наставничкиот и соработничкиот кадар се должни да ја чуваат слободата на наставната и на научноистражувачката работа и да ја штитат честа на професијата. Тие не смеат да го злоупотребуваат авторитетот на својата професија заради остварување на лични интереси за која било цел.

Член 12

Наставничкиот и соработничкиот кадар се должни да ги промовираат хуманистичките принципи и човековите права, да ги развиваат интелектуалните

вештини, да ја поддржуваат толеранцијата и отвореноста и да ја поттикнуваат професионалната љубопитност.

Член 13

Кога членот на академската заедница ќе оцени дека од него се бара делување кое е во спротивност со неговите етички начела или лични научни и интелектуални уверувања или совест, должен е да покрене расправа за таа тема.

Член 14

Наставничкиот и соработничкиот кадар се слободни во развивањето оригинални методи на истражување и сопствен стил на предавање.

Член 15

Припадниците на наставничкиот и соработничкиот кадар не смеат да ги користат средствата за масовна комуникација само за сопствено промовирање. Кога настапуваат како приватни лица, припадниците на наставничкиот и соработничкиот кадар се должни да спречат создавање на впечаток дека зборуваат од името на нивните колеги, односно во име на Универзитетот. Припадниците на наставничкиот и соработничкиот кадар не смеат да го злоупотребуваат академскиот авторитет заради остварување на своите лични, семејни и политички интереси.

## Фабрикување резултати

Член 16

Во научноистражувачката работа, не е прифатливо фабрикување (измислување) на резултати.

Измислувањето е секое намерно претставување, ширење и објавување на наводни резултати од научноистражувачка работа, и покрај сознанието дека научната работа и истражувањето што се наведуваат не биле спроведени во реалноста.

## Фалсификување

Член 17

Секој фалсификат е неприфатлив во научноистражувачката работа.

Фалсификувањето опфаќа секакво дејство при што, спротивно на начелата на научниот интегритет, се манипулира со предмет, опрема или истражувачки процес, со цел намерно прилагодување или тенденциозно толкување на резултатите од научното истражување.

## Плагијаторство

Член 18

Секоја форма на плагијат на дела и идеи е во спротивност на етичките начела.

Членовите на академската заедница кои учествуваат во научноистражувачка и уметничка работа мора да ја гарантираат оригиналноста на објавените научни трудови и уметнички дела, како и авторството што им се припишува, но и точноста и искреноста при презентирање и наведување информации за потеклото на идеите и наводите, користени во трудот.

Од членовите на универзитетската заедница се очекува да ги наведат како автори сите и само оние учесници во процесот на создавање на научниот труд кои интелектуално придонеле за него.

Неопходно е да се заштити правото на интелектуална сопственост над резултатите од истражувањето и собраните податоци на сите членови на универзитетската заедница.

## Измислување и преправање препораки

Член 19

Не е дозволено измислување и преправање на препораки, како ни погрешно претставување на академските достигнувања и тоа претставува сериозна повреда на начелата на етичко однесување.

## Примање подароци и други добра

Член 20

Членовите на универзитетската заедница од редот на наставниот и ненаставниот кадар не смеат да бараат подароци, да поттикнуваат давање или примање какви било подароци за себе или за друго лице, за кои постои разумна претпоставка дека директно или индиректно ќе влијаат врз нивната објективност, исполнување на професионалните обврски и почитување на професионалните права и должности.

## Судир на интереси

Член 21

Членовите на универзитетската заедница се должни да избегнуваат судири на интереси што може да се предизвикани од семејни односи, блиски пријателства, интимни врски, антагонизми, и слично.

Секоја форма на непотизам што става роднина на одредено лице во привилегирана положба кон други лица кои имаат еднакви или подобри способности, е не допуштена.

## Транспарентност и доверливост

Член 22

Членовите на академската заедница треба да ја почитуваат вредноста на транспарентноста.

Членовите на академската заедница кои поради својата позиција на Универзитетот располагаат со доверливи податоци треба да ја заштитат тајноста на тие податоци.

## Право и должност на континуирано усовршување и доживотно учење

Член 23

Членовите на универзитетската заедница имаат право и должност континуирано да се усовршуваат и да инсистираат на подобрување на квалитетот и нивото на сопственото знаење и стручност во рамките на избраната област.

Членовите на академската заедница планираат, спроведуваат и известуваат за своите научни истражувања.

## Професионално напредување

Член 24

Оцената на успешноста при реализацијата на професионалните обврски и професионалната компетентност на кој било член на универзитетската заедница треба да биде објективна и непристрасна, и да се заснова на претходно дефинирани и транспарентни критериуми.

Секоја форма на директна или индиректна дискриминација во процесот на проценка на условите за професионално напредување и во самиот процес на напредување се смета за не допуштена.

Универзитетот треба на сите членови на универзитетската заедница да им обезбеди еднакви услови за напредување и да создаде услови за подмладување на научната, уметничката и наставната заедница.

## Јавно настапување

Член 25

Свесен за својата општествена одговорност, Универзитетот ги охрабрува членовите на универзитетската заедница на јавно настапување и слобода на изразување, што вклучува настапи пред публика, електронски и социјални медиуми, изразување на своите стручни и научни ставови во весници, книги и списанија, а и со други форми на дејствување во корист на заедницата, почитувајќи ги основните начела на овој Етички кодекс.

Членовите на академската заедница со повисоко академско звање или професионален статус не смеат да забрануваат или ограничуваат лични јавни настапи на членови на заедницата со пониско академско звање или професионален статус, ниту како било да го условуваат таквиот настап.

Членовите на универзитетската заедница овластени за јавно настапување во име на Универзитетот се должни јасно да истакнат дека ги изложуваат ставовите на Универзитетот, при што се очекува да постапуваат во согласност со највисоки етички и професионални стандарди.

Универзитетот, единиците и придружните членки се должни во јавните настапи да ги почитуваат начелата на овој Етички кодекс. Одговорност кон универзитетската заедница

## Одговорност кон студентите

Член 26

Најголема одговорност на наставничкиот и соработничкиот кадар е да придонесе за интелектуалниот развој на студентите.

Член 27

Наставничкиот и соработничкиот кадар се должни да го почитуваат достоинството на студентите и не смеат да прават разлики врз основа на раса, боја, вера, пол, национално потекло, брачна состојба, политичко или верско убедување, семејно или социјално потекло.

Член 28

Наставничкиот и соработничкиот кадар треба да ги поттикнуваат своите студенти на слободен и сериозен пристап кон учењето, применувајќи ги најдобрите морални, професионални и стручни стандарди во наставата.

Член 29

Исклучителни критериуми во оценувањето на студентите се: знаењето, разбирањето и вложениот труд. Наставничкиот и соработничкиот кадар се должни доследно да им се спротивставуваат на сите интервенции кои влијаат на објективноста во вреднувањето и оценувањето на трудот на студентите.

Член 30

Наставничкиот и соработничкиот кадар не смеат да ги условуваат студентите со купување на литература или други наставни помагала, како и материјални и други изнудувања, не смеат посредно или непосредно да ги искористуваат, злоупотребуваат, уценуваат и дискриминираат студентите, ниту кон нив да се однесуваат на недоличен начин или на кој било друг начин што го навредува нивното достоинство.

Член 31

Наставничкиот и соработничкиот кадар не смеат да ги спречуваат студентите да преземаат независно истражување и да трагаат по знаење, ниту да ги спречуваат во пристапот на нивните различни гледишта.

Член 32

Наставничкиот и соработничкиот кадар се должни да вложат разумен труд за да ги заштитат студентите од околности кои се штетни за нивното учење, здравје или безбедност.

## Одговорност кон колегите

Член 33

Членовите на академската заедница треба да негуваат колегијален однос, заснован на меѓусебно почитување и разбирање, водејќи сметка за заедничките академски вредности.

Член 34

Членовите на академската заедница поддржуваат културна, општествена, политичка, филозофска, верска и економска разновидност, што е исклучително богатство кое треба во потполност да се почитува.

Член 35

Морална обврска на членовите на академската заедница е да укажуваат на неетичкото однесување на своите колеги, односно кршењето на одредбите од овој Кодекс.

Член 36

Во наставно-научната работа, јавното дејствување и во меѓусебните односи, членовите на академската заедница се должни да негуваат култура на аргументиран дијалог.

Член 37

Воздржување од конструктивни критики поради лични интереси или игнорирање на туѓите трудови поради професионална и лична нетрпеливост е недозволиво. Членовите на академската заедница се должни да го почитуваат личното и професионално достоинство на помладите колеги и да се грижат за нивниот наставен и научен развој.

Наставничкиот кадар е должен да ја почитува и брани творечката слобода на соработниците.

## Одговорност кон институцијата

Член 38

Вработените на Универзитетот се должни да ги чуваат интегритетот и достоинството на институцијата и своите работни задачи да ги извршуваат одговорно, совесно, чесно и посветено.

Член 39

Информациите што вработените ги добиваат во текот на работното време, извршувајќи ги своите работни задачи, не треба да ги пренесуваат и коментираат во јавноста, со цел да се спречи злоупотребата на информациите, ширење на шпекулации и нарушување на угледот на Универзитетот.

Член 40

Средствата на Универзитетот, како: опрема, материјали, софтвер, хардвер, интелектуална и вкупна сопственост и имот на Универзитетот, претставуваат вредни ресурси кои се во сопственост или се лиценцирани, или на друг начин му припаѓаат на Универзитетот и треба да се употребуваат единствено за цели на Универзитетот.

Заштитата на оваа сопственост од загуба, штета или кражба е обврска на сите вработени. Ниту едно лице не смее да ги употребува средствата или имотот за лични потреби и лична корист, ниту да ги отуѓува, продава или тргува со средствата или имотот без соодветно одобрување.

Член 41

Вработените на Универзитетот не треба да ги користат за приватни цели предметите или опремата што им се на располагање за службени цели.

Вработен на Универзитетот не треба да ги користи за лични потреби службените телефони (освен во случаи на неопходна потреба, итност), компјутерската опрема и апаратите за фотокопирање.

Член 42

Вработен при Универзитетот, кому му е одобрено користење на службено возило, не смее да го користи службеното возило за приватни цели, ниту возилото да го дава на користење на лица кои не се вработени на Универзитетот.

Вработен на Универзитетот кој користи возило купено од проект или апликација треба да го користи возилото согласно со намената за кое е купено.

Член 43

Вработените на Универзитетот користат ИТ опрема, електронска пошта и Интернет за извршување на своите секојдневни работни задачи и активности, како и за стручно и професионално усовршување.

Вработените на Универзитетот треба да бидат свесни дека контакт остварен со користење на електронска пошта, интернет адреси и домени регистрирани на име на Универзитетот може да создаде впечаток дека таквиот пристап го изразува официјалниот став на Универзитетот.

Следниве користења на ИТ опремата, електронската пошта и Интернетот не се дозволени:
– инсталирање и користење на компјутерски игри, како и апликации кои не се потребни за извршување на работните задачи;
– печатење и скенирање на приватни документи, слики, други материјали и информации;
– снимање на податоци (документи, слики, мултимедиски и слично) за приватни цели на преносни мемориски уреди (CD, DVD и слично);
– праќање на приватни електронски пораки од службената електронска адреса на Универзитетот;
– пребарување, пристап и печатење на текстуални, графички и мултимедијални информации кои ги преминуваат општо усвоените стандарди на добар вкус и етика;
– служење со „он-лајн“ игри, тестови и други забавни содржини (филмови, спотови, музика и сл.), како носители на потенцијални опасности за сигурноста на компјутерските системи на Универзитетот и забавување на брзината на Интернетот;
– извршување на какви било незаконски активности или активности кои на кој било начин би наштетиле на угледот на Универзитетот и ги прекршуваат нормите на однесување на вработените;
– извршување на приватни активности, како што се купување на стока и примање на услуги „онлајн“, продажба на стока, давање на услуги и рекламирање на истите;
– вклучување во која било активност на политичко лобирање, промовирање на политички партии, собирање средства за исти и останати политички активности и
– ширење на нетрпеливост по расна, национална, верска, политичка и друга основа.

Вработените на Универзитетот се посебно одговорни за:
– рационално користење на ИТ опремата и интернет пристапот;
– придржување на сигурносната политика и процедура во користењето на ИТ опремата, електронската пошта и интернет сервисот, и воздржување од која било пракса која може да ги загрози компјутерските системи и податоците на Универзитетот;
– одговорно однесување при интернет комуникацијата, затоа што вработениот го претставува угледот на Универзитетот, дури и кога го користи Интернетот за приватни цели.

Член 44

Вработените се должни да го почитуваат работното време на Универзитетот.

Евиденцијата за присуството и отсуството од работното место се врши електронски, со картички за идентификација, преку систем кој е инсталиран на влезот во секој кампус, каде се истакнати шифри за евидентирање.

Доцнење и предвремено напуштање на работното место, неоправдано отсуство, користење на пауза подолго и надвор од предвидениот термин за користење, се сметаат за дисциплинска неуредност и влијаат на квалитетот на извршување на работните задачи, како и на нарушување на угледот на Универзитетот.

Забрането е евидентирање на присуство за други вработени и во нивно име. Обезбедувањето на Универзитетот е задолжено да се грижи за правилното евидентирање на вработените.

Член 45

Заради заштита на здравјето на вработените и на студентите и заштита на квалитетот на воздухот во работните простории, во просториите на Универзитетот е забрането пушење. Знакот за забрането пушење е јасно и видливо истакнат во сите простории на Универзитетот, освен во просториите каде пушењето е дозволено.

## Неформален и формален деловен кодекс за облекување

Член 46

На Универзитетот се практикува неформален и формален деловен кодекс за облекување, што има за цел да им овозможи комфорно работење на вработените и да промовира професионален изглед кај клиентите, студентите и деловните соработници на Универзитетот.

Член 47

Формалниот деловен кодекс на облекување се однесува на дел од администрацијата, која има директен контакт со надворешни лица, како што се: вработените во Службата за студентска архива, техничкиот персонал, секретари и советник за деловно работење / техничките секретари на единиците на Универзитетот и вработените во Ректоратот.

Формалниот деловен кодекс на облекување подразбира костум (тегет боја), бела или сина кошула со долги ракави и вратоврска (која се носи во одреден период од годината, односно од октомври до мај) за мажите и костим (здолниште со должина под колената и сако) со бела или сина кошула за жените.

Член 48

Неформалниот деловен кодекс на облекување на вработените (дел од администрацијата, наставниците и соработниците на Универзитетот) им дава насоки за облекување, при што тие имаат слобода во одлучувањето и изборот на облеката која ќе ја носат, водејќи сметка за прифатливоста и не прифатливоста на одреден вид.

Неприфатлива облека е:

– облека која вообичаено се користи во домот, во ноќни клубови или за спортски активности;

– облека која премногу ги открива грбот, градите, стапалата, стомакот или долната облека на вработениот;

– облека која е не испеглана, истуткана, нечиста, изветвена, проѕирна или со големи засеци и деколтеа;

– облека која содржи зборови, изрази или слики кои можат да бидат навредливи или неприфатливи за другите вработени и за клиентите и соработниците на Универзитетот;

– фармерки (залепени, тесни, искинати, избледени), тренирки, бермуди, панталони со прерамки, куси панталони, тесни панталони (хеланки) или други кои се припиени до телото;

– кусо и тесно здолниште со должина над колената, мини-здолниште, здолниште со преклоп и на запетлување, летен фустан, облека за плажа и фустан со прерамки;

– тесна маичка со прерамки или без ракави, горна облека која го истакнува стомакот, кошула која се носи надвор од здолништето или панталоните, маица со навредливи зборови, лого, слики, карикатури или слогани; горна облека со качулка, обична т-маица со куси ракави (освен ако не се носи под друга блуза, кошула, палто или фустан);

– обувки со отворен преден дел (при што се гледаат прстите);

– капа, кога се носи во работните простории.

Генерално прифатлива облека е:

– панталони со нормална широчина и со рабови или без нив, направени од памук, волна или синтетички материјали, кои се носат со ремен;

– неформален фустан или здолниште, со должина до или под колена;

– кошула со долги или куси ракави, џемпер, поло маица и блуза со висок вратник;

– спортско палто или сако од костум/костим, доколку не се во спротивност со генералните насоки;

– спортски чевли, мокасинки, кломпи, патики, чизми, сандали и чевли со потпетици (во топлиот период од годината е прифатливо да не се носат чорапи);

– на официјални настани се препорачува построг деловен кодекс на облекување, кој за мажите претпочита деловен костум со кошула и вратоврска;

– накит, шминка, парфем и тоалетна вода, кои се прифатливи во рамките на деловната пристојност.

## Етички кодекс за студентите на универзитетот

## Преамбула

Член 49

Цел на Универзитетот е да му овозможи на секој студент подобро образование, со што ќе создаде услови за понатамошен интелектуален, личен, општествен и етички развој.

Секој успешен образовен процес претпоставува почитување на слободни и бурни расправи, интелектуално општење, отвореност спрема конструктивните промени и почитување на правата на сите поединци.

Од студентите на Универзитетот се очекува да се однесуваат како одговорни членови на академската заедница, почитувајќи ги законите на Република Северна Македонија и прописите на Универзитетот, основните човекови права, интегритетот и достоинството на другите поединци, академската слобода, рамноправност и праведност, т.е. совесно и професионално да ги исполнува своите обврски.

## Општи одредби

Член 50

Етичкиот кодекс за студенти е склоп на норми и однесувања кои се должни да ги почитуваат сите студенти и студентската организација на Универзитетот.

Етичкиот кодекс за студентите произлегува од Етичкиот кодекс на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и претставува примена на општи норми на етичност и професионалност на посебни области од студентските права и обврски.

Студентите и студентската организација се должни да ги почитуваат овие норми. Студентите кои не ги почитуваат овие норми ќе бидат подложни на дисциплински мерки кои би се одразиле на нивниот понатамошен општествен развој, со единствена цел, заштита на правата на членовите на академската заедница, имотот и стабилноста на Универзитетот.

Член 51

Правата и обврските напишани во овој Кодекс се однесуваат само на работата и однесувањето на студентите во просториите кои ги поседува, користи или контролира Универзитетот и на работата надвор од Универзитетот, која е поврзана со претставување или застапување на Универзитетот.

Член 52

Етичкиот кодекс на студентите е подложен на редовни проверки и евентуални промени, согласно со развојот и разбирањето на етичките и професионалните вредности.

Член 53

Универзитетот има обврска да овозможи неопходни совети како сите студенти да бидат запознаени со содржината на Етичкиот кодекс на студентите.

## Права на студентите

Член 54

Универзитетот ги брани и ги штити следниве права на студентите:
– право на учество во наставно-научен процес;
– право на слободно изнесување и разменување мислење и уверување;
– право на учество во расправа;
– право на научно истражување, објавување и размена на резултати од истражувањето во мера која е во согласност со законите на Република Северна Македонија и Статутот на Универзитетот; – право на објективна и праведна постапка за вреднување на работата и резултатите на сите студенти;
– право на заштита од насилство, принуда и примена на сила;
– право на заштита од околности кои се опасни по живот, физичко и психичко здравје;
– право на заштита од дискриминација и вознемирување вр основа на религиска, етничка и национална припадност, раса, пол, полова припадност, имотна состојба, родителски или брачен статус, бременост, родителски обврски, старост, инвалидност, физички изглед, политичка определба и здравствена состојба;
– право на слободен избор и начин на однесување сè додека тоа не ги крши законите на Република Северна Македонија и општите акти на Универзитетот;
– право на учество во мирни, ненасилни, пријавени протести, постапки или демонстрации во мера во која истите не ги кршат законите на Република Северна Македонија и правата на другите членови на академската заедница;
– право на заштита од кој било вид неовластени илегални испрашувања или истражувања; доколку се работи за истражна постапка на овластени лица, потребно е да се извести студентот против кој се води истражна постапка за текот на постапката т.е. за нивните права;
– право на примена на еднаква и праведна постапка за утврдување на темелната тужба за повреда на прописите на Универзитетот;
– право на задржување на непроменет статус, права и привилегии на членовите на академската заедница, текот, траењето и дисциплинската постапка, освен за случаите за кои претставува пречка за сигурност и за целото добро на универзитетската заедница и универзитетскиот имот; – право на заштита од барање на посебни податоци кои не се поврзани со образовниот процес; – право на увид, по барање, во лични досиеја на посебни податоци за студентите можат да бидат дадени на увид од други лица само ако е таков вообичаениот тек на работата на Универзитетот или ако постои законска и професионална обврска тие податоци да можат да се дадат на увид; – право на здружување, поврзување и состанување со поединци од повисок ред;
– право на прием на членови од студентската организација кај овластени лица од Универзитетот и изнесување на ставовите кои ги застапуваат;
– право на употреба на имотот на Универзитетот било од поединци или членови на студентската организација за потребните активности, чија цел е задоволување на академските и студентските потреби до мера во која не се во спротивност со прописите на Универзитетот;
– право за надомест на штета поради негрижа, злонамерна или неодговорна постапки на кој било член на академската заедница. Начинот и висината за надомест на штетата во случај на материјален губиток за студентите се уредени со прописите на Универзитетот и законите на Република Северна Македонија;

– право на известување за правилата и прописите на однесување на Универзитетот.

## Академски интегритет

Член 55

Слободната размена на идеи зависи од веродостојноста на членовите на академската заедница, меѓусебната доверба, довербата помеѓу членовите на академската заедница во институција која овозможува нивната работа да биде примерно и професионално вреднувана и ценета. Затоа сите членови на академската заедница треба да бидат одговорни за своите постапки и да применуваат примерни истажувачки методи за постигнатите резултати.
Непријавувањето во случај на академско непочитување не е неутрален чин, бидејќи овозможува вкоренување на таква пракса во работата на Универзитетот т.е. непосредно го загрозува образовниот и сознајниот процес, го нарушува угледот на Универзитетот.
Академско непочитување
Академското непочитување го загрозува квалитетот на образованието и не ги вреднува вистинските постигнувања на членовите на академската заедница. Кој било вид на измама поврзана со постапката: пријавување, испитување или друг вид на проверка на знаењето претставува повреда на овој Етички кодекс.
Тоа вклучува: – прибирање, пренесување, копирање, умножување, употреба или намерна употреба на испитниот материјал без дозвола од овластените лица;
– прибирање, пренесување, примање, употреба или намерна употреба на испитните решенија; – употреба или намерна употреба на белешки, податоци, резултати или други електронски направи или програми за време на испит, доколку не е со збор дозволено;
– лажно претставување и претставување на туѓиот труд како свој;
– помагање во ситуации на проверка на знаењето, кога се очекува од студентот да ја изврши задачата самостојно;
– употреба на веќе оценети работи за повторно оценување на ист или друг колега без одобрение на професорот (наставникот);
– менување или намерно преправање на оценките или резултатите вреднување на испитите или извештаите со други проверени знаења;
– намерно уништување на академската работа или напорот на друг студент.

Член 56

Плагијатството и злоупотребата на работата или делови од работата на други поединци т.е. изнесување на идеите на други поединци како сопствени, без знаење на авторот или без наведување на изворот, од страна на студент, претставува повреда на овој Етички кодекс.

Член 57

Произведување, употреба, печатење, репродукција, копирање, изменување, преместување или уништување на кој било академски материјал, универзитетски акти, документи или идентификациски исправи без дозвола од овластените лица претставува повреда на овој Етички кодекс.

Член 58

Создавање ситуација во која другите студенти ќе бидат неправилно спречени за академските добра или во која студентите создаваат непочитување на академските предности пред другите студенти претставува повреда на овој Етички кодекс.

Тоа вклучува:

– изработка, искривување, печатење, копирање, репродукција, изменување, преместување или уништување на кој било универзитетски акт со намерна лага, дезинформација или оневозможување на информацијата на други поединци;
– преместување, криење или намерно скратување на книги или друг библиотечки материјал, поточно оној што е поврзан со задолжителната литература;
– навлегување во работата на други студенти со намера за попречување на резултатите од нивната работа.

Член 59

Влијанието или обид за влијание на не пристрасното вреднување на наставникот или телата кои го спроведуваат вреднувањето, се смета за повреда на овој Етички кодекс.

Член 60

Пристапот во приватна просторија или простор на кој било студент на академската заедница без дозвола од овластените лица претставува повреда на овој Етички кодекс.

Член 61

Јавно застапување или претставување на Универзитетот, кој било дел на истиот, студентска организација или друг член на академската заедница без дозвола на овластените лица се смета за повреда на овој Етички кодекс.

Член 62

Јавно изнесување на непроверени и неточни податоци за други студенти и останати членови на универзитетската заедница се смета за повреда на овој Етички кодекс.

Член 63

Непримерно однесување поврзано со наставниот процес претставува повреда на овој Етички кодекс, и тоа:

– намерно пречење или прекинување на наставата, истражувањето или друга академска активност;
– непридржување на дополнителните упатства и правила на однесување за студентите кои се пропишани од Универзитетот.

Член 64

Неовластен пристап, кражба или уништување на интелектуалната сопственост на други поединци претставува повреда на овој Етички кодекс.

Тоа вклучува:
– кражба и уништување книги, белешки, податоци, експерименти, проекти и сл.;
– намерно влегување во базата на податоци и документирани тела за да би се прочитале, копирале, употребиле, пратиле или измениле нивната содржина без дозвола на овластени лица;
– употреба на пресметковни средства за да би се саботирала работата или резултатите на другите студенти или кој било друг член на универзитетската заедница;
– уништување, демонтирање, менување, изобликување, оневозможување пристап до базата на податоци или слични активности направени без дозвола на овластените лица.

Член 65

Умножување или употреба на лого, заштитен знак или жиг на кое било универзитетско тело без дозвола од овластените лица се смета за повреда на овој Етички кодекс.

## Физички повреди и злосторства

Член 66

Наставно-научниот процес бара од сите студенти почитување на правата на личен интегритет на другите членови на академската заедница поради остварување на нивните академски цели и содејствување со дејноста на Универзитетот.

Кој било вид намерно физичко повредување, злосторство, вознемирување, уценување, оневозможување, пречење, присилување, понижување, застрашување, навредување или слично претставува повреда на овој Етички кодекс.

## Вознемирување

Член 67

За целите на овој Етички кодекс, вознемирувањето се смета како непримерно однесување спрема други студенти кои го повредуваат нивното посебно достоинство, пречи на извршување на работните задачи или намалување на квалитетот на животот на поединците.

За вознемирување се смета секоја постапка која се карактеризира со отсуство на пристап од друга страна, која создава или придонесува создавање непријатни и непријателски работни и образовни околности, со кои ги заплашува, навредува или понижува другите студенти.

Вознемирување може да биде секое вербално или невербално однесување кон други студенти кое е втемелено на религиска, етничка и национална основа, раса, пол, полова припадност, имотна состојба, работен и образовен статус, родителски или брачен статус, бременост, родителски обврски, старост, инвалидитет, телесен изглед, политичка определба и здравствена состојба. Спонтано вознемирување во облик во кој студентот го нанесува на друг студент во која било област на Универзитетот, исполнување на

некој вид сексуално обоени предлози, барање или услуга се смета за неправилност на овој Етички кодекс.

Закана на кој било студент за сексуален предлог, барање или услуга се смета за повреда на овој Етички кодекс.

## Дискриминација

Член 68

Секое кршење на темелните права, слобода и автономија на студентот спротивно од целта и мислењето на Универзитетот, секое однесување и пропис кое на недозволен начин ги дискриминира останатите студенти се смета за повреда на овој Етички кодекс.

Постапките или прописите кои ги дискриминираат другите студенти врз основа на религија, етничка и национална припадност, раса, пол, полова определба, ориентација, имотна состојба, работен или образовен статус, родителски или брачен статус, бременост, родителски обврски, старост, инвалидитет, телесен изглед, политичка ориентација и здравствена состојба се смета за повреда на овој Етички кодекс.

Обликот на афирмативни акции во облик на квота или привилигирани постапки, пропишани или одредени од страна на Универзитетот, не се сметат за дискриминирачки или за не прифатени однесувања. Оваа одредба не е спротивна на праксата или селекција која е рационална, добронамерна, не произволна и која се темели на професионални и етички стандарди. Оваа одредба не е спротивна на праксата на слободни и аргументирани расправи за која било тема, која е втемелена на толеранција и почитување на правата на другите студенти.

## Дрога и алкохол

Член 69

Став на Универзитетот е да образува и пронајде најдобар начин за борба против употреба или потенцијална употреба на опојни droги и алкохол. Меѓутоа во борбата против зависноста е дозволена примена на дисциплински мерки.

Следниве постапки се сметаат за повреда на Етичкиот кодекс:
– продажба и употреба на опојни дроги во просториите кои ги поседува, користи или контролира Универзитетот;
– продажба и консумирање на алкохолни пијалаци во просториите кои ги поседува користи или контролира Универзитетот; алкохолни пијалаци смеат да се консумираат само во простории и пригоди кои се одобрени од страна на овластените лица;
– учествување во образовниот процес во состојба под дејство на опојни дроги или во алкохолизирана состојба.

## Стандарди и однесувања во објектите на Универзитетот

Член 70

Студентите имаат право на слободна употреба на просториите кои Универзитетот ги поседува, користи и контролира, право на користење на објектите и другиот имот на Универзитетот се во согласност со универзитетските прописи.

Следниве однесувања се сметаат за неправилни за Етичкиот кодекс и кршење на горespоменатите правила:
– намерно оневозможување на влез, излез или пречење во нормална употреба на објектите на Универзитетот или неговите делови;
– останување или задржување во кој било објект на Универзитетот по пропишаното време;
– намерно предизвикување бучава или користење средства кои предизвикуваат бучава која пречи во наставниот процес или ја крши приватноста на другите поединци;
– намерно пречење на организирани или пријавени настани кои се одржуваат на места кои ги поседува користи и контролира Универзитетот;
– намерно пречење на кој било член на академската заедница во извршувањето на неговата должност;
– непочитување на правилата на работа на студентските служби, библиотека, студентска организација, рекреативен центар и други објекти кои Универзитетот ги поседува, употребува или контролира.

## Сигурност и заштита

Член 71

Како и во секоја заедница, така и на Универзитетот, одредени облици на одговорни однесувања се неопходни за да се осигура функционирањето т.е. сигурност и заштита на академската заедница.

Намерно или ненамерно создавање на околности кои се опасни за живот, физичко или психичко здравје и сигурност се сметаат за повреда на овој Етички кодекс.

Ситуациите кои се опасни за животот, здравјето и сигурноста, а кои се настанати како последица на недозволени занемарливи обврски исто така се смета за повреда на овој Етички кодекс.

Пристап или обид за влез во кој било објект или простор на Универзитетот со ограничен пристап без одобрение на овластено лице се смета за повреда на овој Етички кодекс.

Поседување, давање на друго лице, изработка или содејствување во изработка на клуч или други средства кои овозможуваат пристап до објектите или имотот на Универзитетот без дозвола на овластени лица се смета за повреда на овој Етички кодекс.

Намерно оштетување, уништување или надградување на имотот на Универзитетот или имотот кој е во сопственост на други поединци на Универзитетот се смета за повреда на овој Етички кодекс.

Имотот на Универзитетот и имотот на поединци на Универзитетот потребно е да се заштитат од пожар. Затоа се воведуваат следниве норми:
– пушењето е дозволено само во простории посебно обележани за таа намена;
– однесувањето, преместувањето и намерното онеспособување на каков било противпожарен уред без дозвола од овластено лице се смета за неприфатливо однесување;
– намерно бес причинско активирање на противпожарен аларм се смета за неприфатливо однесување.

Внесување на ладно оружје, експлозивни направи, опасни хемикалии и други опасни направи и супстанци се смета за повреда на овој Кодекс. Отстапка од наведеното може да биде направена само по одобрение на овластените лица на Универзитетот.

Намерно изнесување на неточни информации со цел лажна забуна на кој било член на академската заедница се смета за повреда на овој Етички кодекс (лажни телефонски повици за поставување бомба, пожар и сл.)

Намерно пречење на работата на универзитетскиот состав или технолошки ресурси се смета за повреда на овој Етички кодекс.

## Почитување на правилата и дисциплинските постапки

Член 72

Намерното кршење на правилата на Универзитетот и спречување на дисциплинските постапки пред телата на Универзитетот се смета за повреда на овој Етички кодекс, и тоа:
– не јавување на повици поврзани со спроведување на дисциплинските постапки;
– искривување и уништување или лажно сведочење пред телата на Универзитетот кои спроведуваат истражни постапки;
– намерно иницирање на дисциплински постапки без вистински примерок;
– спречување или обид за спречување или обесхрабрување за учество на други поединци во дисциплинската постапка;
– намерно помагање или притисок врз другите поединци на кој било начин кое смета на дисциплинската постапка;
– притисок или обид за притисок на непристрасност на телата кои ја спроведуваат дисциплинската постапка.

## Постапка за спроведување на Етичкиот кодекс

Член 73

Постапката за утврдување повреда на некое од начелата на Етичкиот кодекс на Универзитетот се поведува со поднесување пријава за сторена повреда до Ректорската управа на Универзитетот, во писмена форма,

образложена со сите потребни податоци и докази за лицата, времето, местото и можните сведоци на сторената повреда и потпишана од подносителот на пријавата.

Пријава за повреда на некое од начелата на Етичкиот кодекс на Универзитетот може да поднесе: - ректорот на Универзитетот и деканот/продеканот на единица на Универзитетот за повреди извршени од наставници и соработници на Универзитетот; - ректорот на Универзитетот за повреди извршени од деканот/продеканот на единицата; - претседателот на Сенатот за повреди извршени од ректорот; - деканот/продеканот на единица на Универзитетот за повреда сторена од студенти; - генералниот секретар, секретар на единица на Универзитетот, непосреден раководител за повреда сторена од вработени од редот на не наставниот кадар на Универзитетот.

Пријавите за повреди на Етичкиот кодекс ги решава Ректорската управа на Универзитетот. Ректорската управа може и без пријава, самоиницијативно да покрене постапка за повреда на Етичкиот кодекс.

Член 74

Во постапката учествува и сторителот против кого е поднесена пријавата.

Ако Етичката комисија утврди непостоење на повреда на некое од начелата на овој Етички кодекс, со решение ја одбива пријавата како неоснована.

Ректорската управа ја утврдува одговорноста и изрекува мерки за повреда на одредбите од овој Етички кодекс.

Пријавите за повреди на Етичкиот кодекс сторени од страна на студентите ги решава Наставно-научниот/уметнички совет на единицата на Универзитетот.

Наставно-научниот/уметнички совет на единицата може и без пријава, самоиницијативно да покрене постапка за повреда на Етичкиот кодекс, сторена од студент.

Член 75

Ако Ректорската управа утврди дека постои повреда на некое од начелата на овој Етички кодекс од страна на наставниците, соработниците и вработените на Универзитетот, донесува одлука со која изрекува една од следниве мерки: писмена опомена или јавна опомена.

Видот на мерката се одредува во зависност од тежината на повредата и штетата која е нанесена на угледот на Универзитетот, на негова единица или вработен на Универзитетот и активностите што сторителот ќе ги преземе за отстранување на последиците.

Писмената опомена се доставува до сторителот на повредата.

Јавната опомена се објавува на седница на Ректорска управа на Универзитетот.

Изречените мерки од ставот 3 на овој член не ја исклучуваат одговорноста во согласност со други прописи.

Мерките за повреда на одредбите од овој Етички кодекс за студентите, ги изрекува наставно-научниот/уметнички совет.

Јавната опомена се објавува на седница на наставно-научен/уметнички совет.

## Завршни одредби

## Надзор над спроведувањето

Член 76

Надзор над спроведувањето и толкувањето на овој Етички кодекс врши Сенатот на Универзитетот.

## Измени и дополнувања

Член 77

Измените и дополнувањата на овој Етички кодекс се вршат на начин и според постапката на неговото донесување.

## Престанување со важност

Член 78

Со влегувањето во сила на овој Етички кодекс престануваат да важат Етичкиот кодекс за вработените на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Етичкиот кодекс за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип донесени од Универзитетскиот сенат и објавени во Универзитетски гласник број 18 од 2011 година.

## Влегување во сила

Член 79

Овој Етички кодекс влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

Претседател на Универзитетски сенат,
Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска